Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19), секретарот на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија, на 25.10.2019 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
**за систематизација на работните места во Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се утврдува вкупниот број на вработените административни државни службеници во Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија, распоредот, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единици и посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места.

### Член 2

Работите и задачите што се вршат во Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Секретаријатот), се определуваат, согласно нивната сродност, меѓусебна поврзаност, видот, обемот и степенот на сложеноста, одговорноста и другите услови за нивното извршување.

### Член 3

Работите и задачите утврдени со овој правилник претставуваат основа за вработување и распоредување на вработените во Секретаријатот.

### Член 4

Табеларниот преглед (работна карта) на работните места во Секретаријатот е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

## II. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

### Член 5

Во овој правилник се утврдени и опишани вкупно 90 работни места на административните државни службеници, распоредени по организациони единици согласно Правилникот за внатрешна организација на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија, од кои пополнети се 28, а распоредени се на следниов начин:

| **Ниво** | **Систематизирани работни места** | **Пополнети работни места** |
|---|---|---|
| Б01 | 6 | 3 |
| Б02 | 5 | 1 |
| Б03 | 4 | 4 |
| Б04 | 16 | 5 |
| В01 | 23 | 3 |
| В02 | 6 | 2 |
| В03 | 12 | 4 |
| В04 | 18 | 6 |
| **Вкупно** | 90 | 28 |

### Член 6

Општи услови за пополнување на работно место на административен државен службеник утврдени со Законот за административни службеници или колективен договор за административните службеници се:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

### Член 7

(1) Посебни услови за пополнување на работно место на државен службеник утврдени со Законот за административните службеници или колективен договор, за раководните државни службеници од категоријата Б се:

– стручни квалификации за сите нивоа - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
– активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
– активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и
– положен испит за административно управување;
– работно искуство, и тоа:

а) за нивото Б1 најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор,
б) за нивото Б2 најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор или
в) за нивоата Б3 и Б4 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор и
- други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место.

(2) Потребни општи работни комепетенции за работно место на напредно ниво:
– решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг
– учење и развој;
– комуникација;
– остварување резултати;
– работење со други/тимска работа;
– стратешка свест;
– ориентираност кон странките/засегнати страни;
– раководење; и
– финансиско управување.

**Член 8**

(1) Посебни услови за пополнување на работно место на административен државен службеник утврдени со Законот за административни службеници или колективен договор, за стручните административни државни службеници од категоријата В се:

– стручни квалификации, и тоа:

а) за нивото В1 ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и

б) за нивоата В2, В3 и В4 ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

– активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски);
– активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
– работно искуство, и тоа:

а) за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката,

б) за нивото В2 најмалку две години работно искуство во струката,

в) за нивото В3 најмалку една години работно искуство во струката или

г) за нивото В4 со или без работно искуство во струката;

– други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место.

(2) Потребни општи работни компетенции за работно место, на средно ниво:

– решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
– учење и развој;
– комуникација;
– остварување резултати;
– работење со други/тимска работа;
– стратешка свест;
– ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
– финансиско управување.

# III. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО

## III.1. Одделение за управување со човечки ресурси

| | |
|---|---|
| **1. Независна организациона единица надвор од сектори** | |
| **1.1 Одделение за управување со човечки ресурси** | |
| **Реден број** | 001 |
| **Шифра** | УПР0101Б04000 |
| **Ниво** | Б4 |
| **Звање** | Раководител на одделение |
| **Назив на работно место** | Раководител на одделение за управување со човечки ресурси |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Секретарот |
| **Вид на образование** | Правни науки |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Развивање и обединување на политиките во рамките на делокругот на одделението, координирање и спроведување на таквите политики |
| **Работни задачи и обврски** | 1. ја координира и насочува работата на одделението;<br>2. учествува во спроведувањето на функционална анализа на внатрешната организација и работните места во Секретаријатот;<br>3. ја координира изработката на правилниците за внатрешна организација и систематизација на работните места во Секретаријатот;<br>4. ги координира и насочува активностите во врска со: вработувањето и мобилноста, оценувањето, стручното оспособување и усовршување на административни државните службеници, мотивацијата и подобрувањето на квалитетот на меѓучовечките односи, правата, должностите и одговорностите на административни државни службеници и користењето на информативниот систем за човечки ресурси на Секретаријатот;<br>5. учествува на состаноците на Мрежата на одделенија/сектори за управување со човечки ресурси и остварува редовна комуникација и соработка со другите одделенија за човечки ресурси од органите на државната управа;<br>6. предлага и развива политики и стратешки документи за управување со човечките ресурси; |

| | |
|---|---|
| | 7. се грижи за правилна примена на законите и подзаконските акти од обласа на управувањето со човечките ресурси;<br>8. обезбедува стручно-оперативна поддршка на комисиите за водење на дисциплинска постапка за дисциплински престап и комисиите за утврдување на материјална одговорност на административните државни службеници во Секретаријатот;<br>9. членува во Комисијата за селекција на државен службеник;<br>10. по налог/решение на секретарот учествува во внатрешни меѓусекторски работни групи, тимови, комисии и/или тела. |

| 1. НЕЗАВИСНИ ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ НАДВОР ОД СЕКТОРИТЕ | |
|---|---|
| **1.1. Одделение за управување со човечки ресурси** | |
| **Реден број** | 002 |
| **Шифра** | УПР0101В01000 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник |
| **Назив на работно место** | Советник за вработување, унапредување и мобилност |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение за управување со човечки ресурси |
| **Вид на образование** | Правни науки |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Ефикасно и законито подготвување и обработка на податоци во врска со вработувањето, оценувањето, стручното оспособување и усовршување |
| **Работни задачи и обврски** | 1. подготвува и обработува податоци во врска со човечките ресурси;<br>2. обработува документација која служи како основа за изработка на анализи и информации;<br>3. врши стручни работи врз основа на конкретни упатства и надзор на раководител на одделение;<br>4. се грижи за правилна примена на законите и подзаконските акти од обласа на човечките ресурси кои се однесуваат на селекцијата, вработувањето и мобилноста во Секретаријатот;<br>5. ги врши сите работи и ги подготвува сите видови на документи кои се однесуваат на селектирањето и вработувањето во Секретаријатот, преку јавен и интерен оглас, и подготвува спогодби за мобилност на вработени од еден во друг сектор, одделение и ја следи нивната реализација;<br>6. подготвува одговори на жалби во случај на поднесени жалби во врска со извршен избор при |

| | |
|---|---|
| | постапка за селекција и вработување во Секретаријатот;<br>7. го подготвува годишниот план за вработување;<br>8. ги следи и применува законските прописи и општите акти на Секретаријатот кои се однесуваат на управувањето со човечките ресурси;<br>9. по налог/решение на секретарот учествува во внатрешни меѓусекторски работни групи, тимови, комисии и/или тела. |

## III.2 Одделение за финансиски прашања

| 1. НЕЗАВИСНИ ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ НАДВОР ОД СЕКТОРИТЕ | |
|---|---|
| **1.1.Одделение за финансиски прашања** | |
| **Реден број** | 003 |
| **Шифра** | УПР0101Б04000 |
| **Ниво** | Б4 |
| **Звање** | Раководител на одделение |
| **Назив на работно место** | Раководител на одделение за финансиски прашања |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Секретарот |
| **Вид на образование** | Економски науки |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Развивање и обединување на политиките, нивна координација и спроведување преку контрола на програмите за работа, како и поддршка на работата на секретарот од делокругот на одделението |
| **Работни задачи и обврски** | 1. раководи со одделението, ја организира, насочува и координира работата на одделението во врска со доследната примена на законските прописи и на другите подзаконски акти од областа на буџетското и финансиското работење;<br>2. врши работи во врска со управување, следење и контрола на состојбата и движењето на средствата и изворите на средства на Секретаријатот, утврдени со буџетот на Секретаријатот;<br>3. врши подготвување, извршување и известување за извршувањето на буџетот на Секретаријатот, изменување и дополнувања на буџетот на Секретаријатот и врши контрола на подготовката и надзор над извршувањето на буџетот на Секретаријатот, како и над подготвување на годишна сметка; |

| | |
|---|---|
| | 4. одговорен е за спроведување на ex-ante, односно ex-post финансиска контрола;<br>5. подготвува финансиски план за извршувањето на буџетот (месечен, квартален и годишен) за Секретаријатот;<br>6. го следи остварувањето на приходите и извршувањето на трошоците на Секретаријатот;<br>7. ги координира активностите во врска со благајничко работење, подготовка, примање, ликвидирање и контрола на сметководствената документација, пресметувањето и исплатата на платите на вработените во Секретаријатот;<br>8. се грижи за примена на законите, подзаконските акти и други прописи од областа на јавните набавки, ги следи и согледува потребите од јавни набавки, како и ги координира и врши работи во врска со подготвувањето на годишен план за јавните набавки и негова реализација;<br>9. ги следи и се грижи за примена на законите и другите прописи од делокругот на одделението. |

| 1. НЕЗАВИСНИ ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ НАДВОР ОД СЕКТОРИТЕ | |
|---|---|
| **1.2. Одделение за финансиски прашања** | |
| **Реден број** | 004 |
| **Шифра** | УПР0101В01000 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник |
| **Назив на работно место** | Советник за буџетска координација |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение за финансиски прашања |
| **Вид на образование** | Економски науки |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Самостојно извршува најсложени работи и задачи за следење на финансиските и материјално работење |
| **Работни задачи и обврски** | 1. ги следи и применува прописите и законите од областа на материјално финансиското работење;<br>2. се грижи за подготвување, извршување и известување за извршувањето на буџетот на Секретаријатот;<br>3. се грижи за подготвување на изменување и дополнувања на буџетот на Секретаријатот;<br>4. подготвува финансиски план за извршување на буџетот (месечен, квартален и годишен) за Секретаријатот;<br>5. подготвува материјали и документи за Годишниот финансиски извештај;<br>6. врши евидентирање на основните средства на субјектот, евидентирање и наплата на |

| | |
|---|---|
| | побарувањата и евидентирање и плаќање на достасаните обврски. |

| 1. НЕЗАВИСНИ ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ НАДВОР ОД СЕКТОРИТЕ | |
|---|---|
| **1.2. Одделение за финансиски прашања** | |
| **Реден број** | 005 |
| **Шифра** | УПР0101В01000 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник |
| **Назив на работно место** | Советник за буџетска контрола |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение за финансиски прашања |
| **Вид на образование** | Економски науки |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Самостојно извршува најсложени работи и задачи за следење на финансиските и материјално работење. |
| **Работни задачи и обврски** | 1. ги следи и применува прописите и законите од областа на материјално финансиското работење;<br>2. се грижи за следење и контрола на состојбата и движењето на средствата и изворите на средствата на субјектот утврдени со буџетот;<br>3. учествува во спроведувањето на ex-ante, односно ex-post финансиска контрола;<br>4. подготвува финансиски план за извршување на буџетот (месечен, квартален и годишен) за Секретаријатот;<br>5. подготвува материјали и документи за Годишниот финансиски извештај;<br>6. врши евидентирање на основните средства на субјектот, евидентирање и наплата на побарувањата и евидентирање и плаќање на достасаните обврски. |

## III.3 Државни советници

| **1. Државен советник за јавни финансии, финансиска поддршка и државна помош** | |
|---|---|
| **Реден број** | 006 |
| **Шифра** | УПР0101Б01000 |
| **Ниво** | Б1 |
| **Звање** | Државен советник |
| **Назив на работно место** | Државен советник за јавни финансии, финансиска поддршка и државна помош |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Секретарот |

| | |
|---|---|
| **Вид на образование** | Правни науки |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Самостојно и стручно вршење на најсложени задачи на прашања од јавните финансии, финансиска поддршка и државна помош и поддршка на работата на секретарот на Секретаријатот |
| **Работни задачи и обврски** | 1. врши најсложени работи кои бараат посебно стручно проучување во обезбедување на единствен пристап и конзистентност при давањето на стручни мислења за усогласеноста на законите и другите прописи со Уставот, законите, ратификуваните меѓународни договори, усогласеноста на националното законодавство со законодавството на Европската унија, како и работи добиени непосредно од секретарот на Секретаријатот што бараат посебна самостојност, стручност, проучување, анализи, а кои особено се однесуваат на прашања од јавните финансии и финансиската поддршка, и тоа: даноците (данок на личен доход, данок на добивка, данок на имот и поврат на данок), акцизи, банкарството (Народна Банка на Република Северна Македонија, банки и штедилници, агенции и други тела кои работат во банкарските услуги, управување со скапоцени метали, ковани пари), фонд за осигурување на депозити и супервизија на осигурувањето, задолжително осигурување во сообраќајот, осигурувањето на имот и лица, инвестициските фондови, хартиите од вредност, издавање на обврзници на Република Северна Македонија, јавниот долг, заеми, кредити, гаранции, придонеси и самопридонеси и задолжување, лизинг, трезорскиот систем, кредитно-монетарната политика, девизното работење и инспекција, услуги за брз трансфер на пари, финансиско разузнавање, спречување на перење на пари и финансирање на тероризам; финансиска полиција, финансиски услуги на далечина, финансиски друштва, финансиска дисциплина, финансиска инспекција во јавниот сектор, јавни набавки и јавни набавки во областа на одбраната и безбедноста, политики на јавни приходи, донации и спонзорства во јавните дејности, буџетско работење, субвенционирање на станбениот кредит, царините (царинска управа, долг, тарифа за застапување пред царински органи, постапување со запленета стока), сметководството – за буџетски корисници и непрофитни организации, такси – комунални, административни и за привремен престој и емисии на административни и |

| | |
|---|---|
| | судски таксени марки, државната ревизија и ревизија на инструментот за предпристапна помош, игри на среќа, платниот промет, финансиската поддршка (субвенции) во најразлични облици, политиките и доделувањето на државна помош, вклучувајќи го и воспоставувањето и работењето на различните технолошко-индустриски развојни зони, индустриски и зелени зони, туристички развојни зони преку кои се остваруваат финансиската поддршка и доделувањето државна помош;<br>2. иницира и предлага ставови по начелни прашања од надлежност на Секретаријатот и дава личен придонес при оформувањето на ставовите и мислењата за прашања кои бараат одлуки од највисоко ниво на Секретаријатот;<br>3. ги советува раководителите на секторите за решавање на најсложени работи и предмети од соодветната област, и им дава насоки за вршење на најсложените работи во Секретаријатот согласно Стратешкиот план на Секертаријатот, како дел од програмските определби на Владата на Република Северна Македонија содржани во Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија, Националната програма за усвојувањето на правото на Европската унија, актот за стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија, како и актот на макроекономската политика;<br>4. ги проценува и оценува активностите во рамките на сеопфатни политики од надлежност на Секретаријатот, организира, остварува соработка со државните советници од министерствата и другите органи на државната управа за најсложени работи и приоритети, а особено по прашањата од утврдените стратешки приоритети разменувајќи со нив информации, заради изградување на ставови по најсложените прашања од јавни финансии и финансиска поддршка и државна помош;<br>5. врши усогласување на законите со претставници од министерствата и другите органи на државната управа;<br>6. подготвува материјали и стручни мислења кои содржат совети по прашањата поврзани со одредени политики и со остварувањето на програмата за работа на органот;<br>7. учествува во работата на работните тела на Владата на Република Северна Македонија и на Генералниот колегиум на државни секретари во случај на отсуство или спреченост на секретарот на |

| | |
|---|---|
| | Секретаријатот врз основа на овластување од секретарот на Секретаријатот;<br>8. дава налог за објавување на прописите и актите од областите од точка 1. за чие објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија" се грижи секретарот на Секретаријатот;<br>9. ги потпишува мислењата на Секретаријатот за изјавите за усогласеност со кореспондентните табели на прописите;<br>10. по налог/решение на секретарот учествува во интерни работни групи, тимови, комисии и тела. |

| **2. Државен советник за економска политика и сопственички и други стварни права на ствари во државна сопственост** | |
|---|---|
| **Реден број** | 007 |
| **Шифра** | УПР0101Б01000 |
| **Ниво** | Б1 |
| **Звање** | Државен советник |
| **Назив на работно место** | Државен советник за економска политика и сопственички и други стварни права на ствари во државна сопственост |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Секретарот |
| **Вид на образование** | Правни науки |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Самостојно и стручно вршење на најсложени задачи на прашања од економската политика и сопственички и други стварни права на ствари во државна сопственост и поддршка на работата на секретарот на Секретаријатот |
| **Работни задачи и обврски** | 1. врши најсложени работи кои бараат посебно стручно проучување во обезбедување на единствен пристап и конзистентност при давањето на стручни мислења за усогласеноста на законите и другите прописи со Уставот, законите, ратификуваните меѓународни договори, усогласеноста на националното законодавство со законодавството на Европската унија, како и работи добиени непосредно од секретарот на Секретаријатот што бараат посебна самостојност, стручност, проучување, анализи, а кои особено се однесуваат на прашања од економска политика и сопственички и други стварни права на ствари во државна сопственост, и тоа: трговските друштва – европски трговски друштва, стопанските комори и коморско работење, стоковни резерви и резерви на нафта и нафтени деривати, задруги, стечај, метрологија, |

| | |
|---|---|
| | стандардизација, акредитација, индустриска политика, странски инвестиции, заштита на конкуренција, нелојална конкуренција, регистрирање на трговски друштва и други правни лица кои вршат економски дејности, јавни претпријатија, политика на превземање на долгови од јавни претпријатија и отпис на долгови по основ на јавни давачки, енергетика, енергетска ефикасност, промет со воени стоки и заштита од експлозивни материи, складирање и заштита на запаливи течности и гасови, заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, индустриска сопственост, трговија, трговија на зелени пазари, трговија на далечина, електронска трговија, надзор над пазарот, вршење на услуги, забрана и спречување на вршење на дејност, превземање на акционерски друштва, рударство и геолошки истражувања, безбедност на производи, заштита на потрошувачи, туризам, угостителство, автокампови, користењето и располагање со движните и недвижните ствари (станбен и деловен простор) во државна сопственост, располагањето со градежно и земјоделско земјиште, располагањето со добра од општ интерес, вклучувајќи ги постапките, процедурите и начините на доделување, проширување и раскин на договорите за доделување на концесиите и јавно приватното партнерство на минерални суровини, води, дивеч, шуми и риби;<br>2. иницира и предлага ставови по начелни прашања од надлежност на Секретаријатот и дава личен придонес при оформувањето на ставовите и мислењата за прашања кои бараат одлуки од највисоко ниво на Секретаријатот;<br>3. ги советува раководителите на секторите за решавање на најсложени работи и предмети од соодветната област, и им дава насоки за вршење на најсложените работи во Секретаријатот согласно Стратешкиот план на Секертаријатот, како дел од програмските определби на Владата на Република Северна Македонија содржани во Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија, Националната програма за усвојувањето на правото на Европската унија, актот за стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија, како и актот на макроекономската политика;<br>4. ги проценува и оценува активностите во рамките на сеопфатни политики од надлежност на Секретаријатот, организира, остварува соработка со |

| | |
|---|---|
| | државните советници од министерствата и другите органи на државната управа за најсложени работи и приоритети, а особено по прашањата од утврдените стратешки приоритети разменувајќи со нив информации, заради изградување на ставови по најсложените прашања од економска политика и сопственички и други стварни права на ствари во државна сопственост;<br>5. врши усогласување на законите со претставници од министерствата и другите органи на државната управа;<br>6. подготвува материјали и стручни мислења кои содржат совети по прашањата поврзани со одредени политики и со остварувањето на програмата за работа на органот;<br>7. учествува во работата на работните тела на Владата на Република Северна Македонија и на Генералниот колегиум на државни секретари во случај на отсуство или спреченост на секретарот на Секретаријатот врз основа на овластување од секретарот на Секретаријатот;<br>8. дава налог за објавување на прописите и актите од областите од точка 1. за чие објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија" се грижи секретарот на Секретаријатот;<br>9. ги потпишува мислењата на Секретаријатот за изјавите за усогласеност со кореспондентните табели на прописите;<br>10. по налог/решение на секретарот учествува во интерни работни групи, тимови, комисии и тела. |

| **3. Државен советник за инфраструктура, комуникации, земјоделство, животна средина, храна и ветеринарство** | |
|---|---|
| **Реден број** | 008 |
| **Шифра** | УПР0101Б01000 |
| **Ниво** | Б1 |
| **Звање** | Државен советник |
| **Назив на работно место** | Државен советник за инфраструктура, комуникации, земјоделство, животна средина, храна и ветеринарство |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Секретарот |
| **Вид на образование** | Правни науки |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Самостојно и стручно вршење на најсложени задачи на прашања од инфраструктурата, комуникациите, земјоделството, животната средина, храна и |

| | |
|---|---|
| | ветеринарство и поддршка на работата на секретарот на Секретаријатот |
| **Работни задачи и обврски** | 1. врши најсложени работи кои бараат посебно стручно проучување во обезбедување на единствен пристап и конзистентност при давањето на стручни мислења за усогласеноста на законите и другите прописи со Уставот, законите, ратификуваните меѓународни договори, усогласеноста на националното законодавство со законодавството на Европската унија, како и работи добиени непосредно од секретарот на Секретаријатот што бараат посебна самостојност, стручност, проучување, анализи, а кои особено се однесуваат на прашања од инфраструктура, комуникации, земјоделство, животна средина, храна и ветеринарство, и тоа: градежни производи, занаетчиство, просторното и урбанистичкото планирање, катастарот на недвижности, станбените и комуналните работи – одржување на јавна чистота, зелени површини и гробишта, транспортот, превоз во патниот сообраќај, превоз на стоки, превоз на опасни стоки, електронски комуникации, поштенски услуги, интероперабилност во железничкиот систем, сигурност во железничкиот систем, возила, работно време на мобилни работници во патен сообраќај, внатрешна пловидба, воздухопловство, облигационо-правни односи во воздушниот сообраќај, жичари и ски лифтови, земјоделството, шумарството, водостопанството, ловство, рибарство, аквакултура, репродуктивен материјал од шумски видови дрвја, консолидација на земјоделско земјиште, арондација и комасација на земјоделско земјиште, рурален развој, сточарство, квалитет и безбедност на ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својство на почвата, тутун и сродни производи, продажба на земјоделско земјиште, земјоделски задруги, политика на квалитет на земјоделски производи, органско земјоделско производство, семе и саден материјал, селекционерски права, производи за заштита на растенија, здравје на растенија, пасишта, берзи на земјоделско прехранбени производи, заштитата на животната средина, заштитата на природата, водите, управувањето со отпад (комунален, индустриски – вклучувајќи го отпадот од електрична и електронска опрема и опасен отпад), климатските промени, безбедноста на храната и ветеринарството, заштита и благосостојба на животни, ветеринарно – медицински препарати, |

| | |
|---|---|
| | управување со нус производи од животинско потекло, управување со донирање храна;<br>2. иницира и предлага ставови по начелни прашања од надлежност на Секретаријатот и дава личен придонес при оформувањето на ставовите и мислењата за прашања кои бараат одлуки од највисоко ниво на Секретаријатот;<br>3. ги советува раководителите на секторите за решавање на најсложени работи и предмети од соодветната област, и им дава насоки за вршење на најсложените работи во Секретаријатот согласно Стратешкиот план на Секертаријатот, како дел од програмските определби на Владата на Република Северна Македонија содржани во Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија, Националната програма за усвојувањето на правото на Европската унија, актот за стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија, како и актот на макроекономската политика;<br>4. ги проценува и оценува активностите во рамките на сеопфатни политики од надлежност на Секретаријатот, организира, остварува соработка со државните советници од министерствата и другите органи на државната управа за најсложени работи и приоритети, а особено по прашањата од утврдените стратешки приоритети разменувајќи со нив информации, заради изградување на ставови по најсложените прашања од инфраструктура, комуникации, земјоделство, животна средина, храна и ветеринарство;<br>5. врши усогласување на законите со претставници од министерствата и другите органи на државната управа;<br>6. подготвува материјали и стручни мислења кои содржат совети по прашањата поврзани со одредени политики и со остварувањето на програмата за работа на органот;<br>7. учествува во работата на работните тела на Владата на Република Северна Македонија и на Генералниот колегиум на државни секретари во случај на отсуство или спреченост на секретарот на Секретаријатот врз основа на овластување од секретарот на Секретаријатот;<br>8. дава налог за објавување на прописите и актите од областите од точка 1. за чие објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија" се грижи секретарот на Секретаријатот; |

| | |
|---|---|
| | 9. ги потпишува мислењата на Секретаријатот за изјавите за усогласеност со кореспондентните табели на прописите;<br>10. по налог/решение на секретарот учествува во интерни работни групи, тимови, комисии и тела. |

| **4. Државен советник за правда, одбрана, внатрешни и надворешни работи и безбедност** | |
|---|---|
| **Реден број** | 009 |
| **Шифра** | УПР0101Б01000 |
| **Ниво** | Б1 |
| **Звање** | Државен советник |
| **Назив на работно место** | Државен советник за правда, одбрана, внатрешни и надворешни работи и безбедност |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Секретарот |
| **Вид на образование** | Правни науки |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Самостојно и стручно вршење на најсложени задачи на прашања од правда, одбрана, внатрешни и надворешни работи и безбедност и поддршка на работата на секретарот на Секретаријатот |
| **Работни задачи и обврски** | 1. врши најсложени работи кои бараат посебно стручно проучување во обезбедување на единствен пристап и конзистентност при давањето на стручни мислења за усогласеноста на законите и другите прописи со Уставот, законите, ратификуваните меѓународни договори, усогласеноста на националното законодавство со законодавството на Европската унија, како и работи добиени непосредно од секретарот на Секретаријатот што бараат посебна самостојност, стручност, проучување, анализи, а кои особено се однесуваат на прашања од правда, одбрана, внатрешни и надворешни работи и безбедност, и тоа: судството, јавното обвинителство, нотаријатот, адвокатурата, извршителите, медијаторите, укажувачите, казнената политика, прекршоците, кривичната постапка, парничната постапка, управните спорови, извршувањето на санкции, управувањето со конфискуван имот, слободниот пристап до информации од јавен карактер, статистиката, изборниот систем, заштитата на лични податоци, државното правобранителство, народниот правобранител, вештачењата, спречувањето на корупција и судир на интереси, бесплатната правна |

| | |
|---|---|
| | помош, одбраната, внатрешните работи, надворешните работи, безбедност и контраразузнавањето, разузнавањето, безбедноста во сообраќајот на патиштата, управувањето со кризи, заштитата и спасување, пожарникарството, класифицираните информации, азилот и привремената заштита и странците;<br>2. иницира и предлага ставови по начелни прашања од надлежност на Секретаријатот и дава личен придонес при оформувањето на ставовите и мислењата за прашања кои бараат одлуки од највисоко ниво на Секретаријатот;<br>3. ги советува раководителите на секторите за решавање на најсложени работи и предмети од соодветната област, и им дава насоки за вршење на најсложените работи во Секретаријатот согласно Стратешкиот план на Секертаријатот, како дел од програмските определби на Владата на Република Северна Македонија содржани во Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија, Националната програма за усвојувањето на правото на Европската унија, актот за стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија, како и актот на макроекономската политика;<br>4. ги проценува и оценува активностите во рамките на сеопфатни политики од надлежност на Секретаријатот, организира, остварува соработка со државните советници од министерствата и другите органи на државната управа за најсложени работи и приоритети, а особено по прашањата од утврдените стратешки приоритети разменувајќи со нив информации, заради изградување на ставови по најсложените прашања од правда, одбрана, внатрешни и надворешни работи и безбедност;<br>5. врши усогласување на законите со претставници од министерствата и другите органи на државната управа;<br>6. подготвува материјали и стручни мислења кои содржат совети по прашањата поврзани со одредени политики и со остварувањето на програмата за работа на органот;<br>7. учествува во работата на работните тела на Владата на Република Северна Македонија и на Генералниот колегиум на државни секретари во случај на отсуство или спреченост на секретарот на Секретаријатот врз основа на овластување од секретарот на Секретаријатот;<br>8. дава налог за објавување на прописите и актите од областите од точка 1. за чие објавување во „Службен |

| | |
|---|---|
| | весник на Република Северна Македонија" се грижи секретарот на Секретаријатот;<br>9. ги потпишува мислењата на Секретаријатот за изјавите за усогласеност со кореспондентните табели на прописите;<br>10. по налог/решение на секретарот учествува во интерни работни групи, тимови, комисии и тела. |

| **5. Државен советник за организација на државна власт, локална самоуправа, администрација и информатичко општество** | |
|---|---|
| **Реден број** | 010 |
| **Шифра** | УПР0101Б01000 |
| **Ниво** | Б1 |
| **Звање** | Државен советник |
| **Назив на работно место** | Државен советник за организација на државна власт, локална самоуправа, администрација и информатичко општество |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Секретарот |
| **Вид на образование** | Правни науки |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Самостојно и стручно вршење на најсложени задачи на прашања од организација на државна власт, локална самоуправа, администрација и информатичко општество и поддршка на работата на секретарот на Секретаријатот |
| **Работни задачи и обврски** | 1. врши најсложени работи кои бараат посебно стручно проучување во обезбедување на единствен пристап и конзистентност при давањето на стручни мислења за усогласеноста на законите и другите прописи со Уставот, законите, ратификуваните меѓународни договори, усогласеноста на националното законодавство со законодавството на Европската унија, како и работи добиени непосредно од секретарот на Секретаријатот што бараат посебна самостојност, стручност, проучување, анализи, а кои особено се однесуваат на прашања од државна власт, локална самоуправа, администрација и информатичко општество, и тоа: државното уредување, државната управа, управната постапка, локалната самоуправа, рамномерниот регионален развој, администрацијата, информатичкото општество, аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, архивското и канцелариското работење; |

| | |
|---|---|
| | 2. иницира и предлага ставови по начелни прашања од надлежност на Секретаријатот и дава личен придонес при оформувањето на ставовите и мислењата за прашања кои бараат одлуки од највисоко ниво на Секретаријатот;<br>3. ги советува раководителите на секторите за решавање на најсложени работи и предмети од соодветната област, и им дава насоки за вршење на најсложените работи во Секретаријатот согласно Стратешкиот план на Секертаријатот, како дел од програмските определби на Владата на Република Северна Македонија содржани во Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија, Националната програма за усвојувањето на правото на Европската унија, актот за стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија, како и актот на макроекономската политика;<br>4. ги проценува и оценува активностите во рамките на сеопфатни политики од надлежност на Секретаријатот, организира, остварува соработка со државните советници од министерствата и другите органи на државната управа за најсложени работи и приоритети, а особено по прашањата од утврдените стратешки приоритети разменувајќи со нив информации, заради изградување на ставови по најсложените прашања од организација на државна власт, локална самоуправа, администрација и информатичко општество;<br>5. врши усогласување на законите со претставници од министерствата и другите органи на државната управа;<br>6. подготвува материјали и стручни мислења кои содржат совети по прашањата поврзани со одредени политики и со остварувањето на програмата за работа на органот;<br>7. учествува во работата на работните тела на Владата на Република Северна Македонија и на Генералниот колегиум на државни секретари во случај на отсуство или спреченост на секретарот на Секретаријатот врз основа на овластување од секретарот на Секретаријатот;<br>8. дава налог за објавување на прописите и актите од областите од точка 1. за чие објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија" се грижи секретарот на Секретаријатот;<br>9. ги потпишува мислењата на Секретаријатот за изјавите за усогласеност со кореспондентните табели на прописите; |

| | |
|---|---|
| | 10. по налог/решение на секретарот учествува во интерни работни групи, тимови, комисии и тела. |

| 6. Државен советник за дејности од јавен интерес и одржлив развој | |
|---|---|
| **Реден број** | 011 |
| **Шифра** | УПР0101Б01000 |
| **Ниво** | Б1 |
| **Звање** | Државен советник за дејности од јавен интерес и одржлив развој |
| **Назив на работно место** | Државен советник |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Секретарот |
| **Вид на образование** | Правни науки |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Самостојно и стручно вршење на најсложени задачи на прашања од дејностите од јавен интерес и одржлив развој и поддршка на работата на секретарот на Секретаријатот |
| **Работни задачи и обврски** | 1. врши најсложени работи кои бараат посебно стручно проучување во обезбедување на единствен пристап и конзистентност при давањето на стручни мислења за усогласеноста на законите и другите прописи со Уставот, законите, ратификуваните меѓународни договори, усогласеноста на националното законодавство со законодавството на Европската унија, како и работи добиени непосредно од секретарот на Секретаријатот што бараат посебна самостојност, стручност, проучување, анализи, а кои особено се однесуваат на прашања од дејности од јавен интерес, и тоа: здравствената заштита, алтернативната медицина, лековите и медицинските средства, дрогите, хемикалиите, јонизирачкото зрачење и радијационата сигурност, земањето и пресадувањето на делови од човечково тело заради лекување, социјалната сигурност, заштитата на децата, пензиското и инвалидското осигурување, работните односи, спречувањето и заштитата од дискриминација, образованието, научно-истражувачката дејност, ученичкиот и студентскиот стандард, културата, заштитата на културното наследство, библиотечната дејност, музејската дејност, филмската дејност, авторското право и сродните права и спортот;<br>2. иницира и предлага ставови по начелни прашања од надлежност на Секретаријатот и дава личен |

| | |
|---|---|
| | придонес при оформувањето на ставовите и мислењата за прашања кои бараат одлуки од највисоко ниво на Секретаријатот;<br>3. ги советува раководителите на секторите за решавање на најсложени работи и предмети од соодветната област, и им дава насоки за вршење на најсложените работи во Секретаријатот согласно Стратешкиот план на Секертаријатот, како дел од програмските определби на Владата на Република Северна Македонија содржани во Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија, Националната програма за усвојувањето на правото на Европската унија, актот за стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија, како и актот на макроекономската политика;<br>4. ги проценува и оценува активностите во рамките на сеопфатни политики од надлежност на Секретаријатот, организира, остварува соработка со државните советници од министерствата и другите органи на државната управа за најсложени работи и приоритети, а особено по прашањата од утврдените стратешки приоритети разменувајќи со нив информации, заради изградување на ставови по најсложените прашања од дејности од јавен интерес и одржлив развој;<br>5. врши усогласување на законите со претставници од министерствата и другите органи на државната управа;<br>6. подготвува материјали и стручни мислења кои содржат совети по прашањата поврзани со одредени политики и со остварувањето на програмата за работа на органот;<br>7. учествува во работата на работните тела на Владата на Република Северна Македонија и на Генералниот колегиум на државни секретари во случај на отсуство или спреченост на секретарот на Секретаријатот врз основа на овластување од секретарот на Секретаријатот;<br>8. дава налог за објавување на прописите и актите од областите од точка 1. за чие објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија" се грижи секретарот на Секретаријатот;<br>9. ги потпишува мислењата на Секретаријатот за изјавите за усогласеност со кореспондентните табели на прописите;<br>10. по налог/решение на секретарот учествува во интерни работни групи, тимови, комисии и тела. |

## III.4 Сектори и одделенија

| 1. СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИТИКА | |
|---|---|
| | |
| **Реден број** | 012 |
| **Шифра** | УПР0101Б02000 |
| **Ниво** | Б2 |
| **Звање** | Раководител на сектор |
| **Назив на работно место** | Раководител на Сектор за финансиска политика |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Секретарот |
| **Вид на образование** | Правни науки |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Раководење и координирање на работата на секторот; развивање, обединување и спроведување на политиките; подржување на работата на секретарот на Секретаријатот и врши најсложени работни задачи. |
| **Работни задачи и обврски** | 1. раководи со секторот, ја организира, насочува и координира работата на секторот во однос на обезбедување на конзистентноста на стручните мислења за усогласеноста на законите и другите прописи со Уставот и законите, ратификуваните меѓународни договори и за усогласеноста на националното законодавство со законодавството на Европската унија и ги оценува раководните административни државни службеници во секторот;<br>2. врши најсложени работи кои бараат посебна стручност за прашањата кои се однесуваат на: даноците, банкарството, инвестициските фондови, даноците (данок на личен доход, данок на добивка, данок на имот и поврат на данок), акцизи, банкарството (Народна Банка на Република Северна Македонија, банки и штедилници, агенции и други тела кои работат во банкарските услуги, управување со скапоцени метали, ковани пари), фонд за осигурување на депозити и супервизија на осигурувањето, задолжително осигурување во сообраќајот, осигурувањето на имот и лица, инвестициските фондови, хартиите од вредност, издавање на обврзници на Република Северна Македонија, јавниот долг, заеми, кредити, гаранции, придонеси и самопридонеси и задолжување, лизинг, трезорскиот систем, кредитно-монетарната |

| | |
|---|---|
| | политика, девизното работење и инспекција, услуги за брз трансфер на пари, финансиско разузнавање, спречување на перење на пари и финансирање на тероризам, финансиска полиција, финансиски услуги на далечина, финансиски друштва, финансиска дисциплина, финансиска инспекција во јавниот сектор, јавни набавки и јавни набавки во областа на одбраната и безбедноста, политики на јавни приходи, донации и спонзорства во јавните дејности, буџетско работење, субвенционирање на станбениот кредит, царините (царинска управа, долг, тарифа за застапување пред царински органи, постапување со запленета стока), сметководството – за буџетски корисници и непрофитни организации, такси – комунални, административни и за привремен престој и емисии на административни и судски таксени марки, државната ревизија и ревизија на инструментот за предпристапна помош, игри на среќа, платниот промет, користењето и располагање со движните и недвижните ствари во државна сопственост, располагањето со градежно и земјоделско земјиште, располагањето со добра од општ интерес – концесиите и јавното приватно партнерство на минерални суровини, води, дивеч, шуми и риби, финансиската поддршка (субвенции) во најразлични облици и политиките и доделувањето и контрола на државна помош;<br>3. ги распоредува работите и задачите, дава упатства за работа и потребна стручна помош во работата и во вршењето на најсложените работи и врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите на раководителите на одделенијата по областа на одделенијата и на помошникот на раководителот на секторот и при тоа заедно со раководителите на одделенијата организира и се грижи за навремено и ефикасно остварување на работите и задачите во секторот и во одделенијата;<br>4. пренесува ставови од секретарот на Секретаријатот на помошникот на раководителот на секторот и на раководителот на одделението; врши анализа, оценување и проценување на прашањата и проблемите кои се појавуваат во текот на работата и дава задолженија на помошникот на раководителот на секторот во однос на извршување на одделни предмети кои бараат посебно стручно проучување од соодветната област на секторот заради утврдување на единствени ставови и |

| | |
|---|---|
| | изготвување на стручни мислења кои имаат одраз во задачите кои ги врши помошникот на раководителот на секторот;<br>5. предлага решенија за работи од областа која ја покрива секторот и решавање на одделни спорни прашања;<br>6. организира и остварува соработка во работата при вршењето на работите во секторот со министерствата и другите државни органи и врши усогласување на законите со претставници од министерствата и други државни органи и се грижи за стручното усовршување и работната дисциплина на вработените во секторот;<br>7. остварува редовни контакти со другите раководители на сектори во Секретаријатот, разменувајќи со нив информации заради изградување на истоветни ставови и единствен пристап по исти или слични прашања по доставените закони, по барањата за автентични и други слични толкувања по истоветни или слични предмети и прашања како и воедначување на номотехничките правила при подготвување на прописите;<br>8. учествува во работата на работните тела на Владата на Република Северна Македонија и Генералниот колегиум на државни секретари во случај на отсуство или спреченост на секретарот на Секретаријатот, односно на државниот советник, врз основа на овластување од секретарот на Секретаријатот, како и во меѓуресорски работни групи на Владата и министерствата кои се образуваат за извршување на најсложени работи и задачи кога за тоа е овластен од секретарот на Секретаријатот<br>9. во отсуство на државниот советник и за подзаконски акти чие мислење е потпишано од него дава налог за објавување на прописите и актите за чие објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија" се грижи секретарот на Секретаријатот, согласно закон и ги потпишува мислењата на Секретаријатот за изјавите за усогласеност со кореспондентните табели на прописите;<br>10. по налог/решение на секретарот учествува во интерни меѓусекторски работни групи, тимови и тела. |

| 1. СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИТИКА | |
|---|---|
| | |
| **Реден број** | 013 |
| **Шифра** | УПР0101Б03000 |
| **Ниво** | Б3 |
| **Звање** | Помошник раководител на сектор |
| **Назив на работно место** | Помошник раководител на сектор за финансиска политика |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на секторот |
| **Вид на образование** | Правни науки |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Помагање во работењето на раководителот на секторот и во спроведувањето на задачите кои бараат поголема одговорност, стручност и самостојност во работата и врши најсложени работни задачи. |
